РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-68/2
18-08-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 21-та седница одржана на 15.08.2025 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-2222/1 од 19.08.2024 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконски избор на --------- ------------ за Член на Управен одбор во Јавното претпријатие ------------ од -------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-2222/1 од 19.08.2024 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител, на ден 19.08.2024 година, доставена е пријава со наводи за сомневање за незаконски избор на ------------ ------------- за Член на Управен одбор во Јавното претпријатие ------------ од -----------, и оформен е предмет број 12-2222/1 од 19.08.2024 година.
Во пријавата е наведено дека лицето ---------- --------------- е правосилно осудена во Предметот --- ------------- - --------- -/-- од --.--.----- година на 4 години условна осуда и како таква не исполнува услови да членува во орган на јавно претпријатие. Во прилог на пријавата се доставени првите две страни од наведената пресуда на Апелациониот суд Скопје.
Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, Државната комисија побара од Владата на РСМ да достави информација за назначувањето на посоченото лице за член на Управниот одбор во Јавното претпријатие -------------- од ------------- а, со достава на прилог соодветна документација.

Од Владата на РСМ добиен е одговор каде е наведено дека на ден 17.10.2024 година, Владата објавила јавен повик бр.01/2024 за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за

избор на членови на Управен одбор и членови на Надзорни одбор за контрола на материјално-финансиско работење на јавните претпријатија основани од Владата на РСМ. По објавениот јавен повик и спроведената постапка согласно закон, Владата на РСМ, има донесено Решение бр.-- -------/- од --.--.----- година за именување на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие „-----------------"- ------------- ( Службен весник на Република Северна Македонија" број --------/---). Дополнително во прилог на одговорот доставена е фотокопија од апликацијата на именуваната по објавениот јавен повик за исполнување на условите согласно закон.

ДКСК во своето постапување по оформениот предмет ја констатира следната состојба:
Согласно член 17 од Законот за јавни претпријатија за да биде еден кандидат избран за член на Управен одбор треба да ги исполнува следните услови:
- да биде државјанин на РСМ,
- има стекнати најмалку 240 кредити ЕКТС или завршен VII/1 степен образование и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност.
Освен условите од ставот 4 на овој член, членовите на управниот одбор во јавното претпријатие треба да имаат и соодветно работно искуство, и тоа:
- два члена на управниот одбор треба да имаат најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно со Националната класификација на дејностите публикувана од страна на Државниот завод за статистика,
- најмалку еден член на управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на финансиско работење,
- најмалку еден член на управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на правните работи и
- најмалку еден член на управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на техничките науки.
Видно од доставената документација, ------------ -------------- во прилог на Пријавата за учество на јавниот оглас за именување за Член на Управен одбор во Јавното претпријатие ---------- од ---------------- помеѓу останатите документи има доставено и потврда дека со правосилна судска пресуда не и е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност издадена од Основен суд -----------14.10.2024 година.
Имајќи го предвид горенаведеото, ДКСК утврди дека не се потврдуваат наводите од пријавата, поради што согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Заменик Претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал:Ј.Ц., раководител на Одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор